ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 14/20) и член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10 и 18/14 ), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе,

# О Д Л У К А
## за избор на административен службенк по Интерен оглас бр.01/2020

1.По инетерниот оглас 01/2020 објавен на ден 8.1.2020 година, за унапредување на административен службеник во Општина Гевгелија **се избира**:
- **Ана Чугунцалиева,** со вкупно освоени бодови 38,54 за работно место под реден број 1 од интерниот оглас, УПР 01 01 Б04 000 – Раководител на одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина, во Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина, Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина,

2.Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 на оваа Одлука, во рок од пет дена по конечноста на Одлуката;

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на Барање за започнување на постапка за унапредување на административен службеник бр.08-44/1/1 од 2.1.2020 година и Известување за обезбедени финансиски средства во Буџетот на општина Гевгелија, бр.08-44/2 од 2.1.2020 година, доставени од Градоначалникот до Одделението за управување за човечки ресурси при Општина Гевгелија, на ден 8.1.2020 година, објавен е Интерен оглас број 01/2020, на веб страната на Општина Гевгелија и на веб страната на Агенцијата за администрација, за унапредување на административен службеник, на работно место Раководител на одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина, 1 (еден) извршител, во Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина – Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при општина Гевгелија.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија, со Решение број 04-45/6 од 14.1.2020 година, на ден 24.1.2020 година, во просториите на Агенцијата за администрација, спроведе адинистративна селекција со Записник бр.04-45/7.

На ден 28.1.2020 година, Градоначалникот на општина Гевгелија спроведе интервју со двајцата кандидати за работното место со број 1, со Записник бр.04-45/9.

Врз основа на бодовите од спроведената административна селекција и спроведеното интервју, Комисијата за селекција за унапредување на адмнистративен службеник изготви финална ранг-листа и предлог-одлука за избор и ги достави на Градоначалникот на општина Гевгелија.

Врз основа на наведеното, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата на Агенцијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Бр.04-80/2
29.1.2020 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,

*м-р Сашо Поцков*

Изработил, Весна Хаџикојчева

Доставено до:
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Архива
-Административен службеник